**ЗАПИСНИК**
**од педесет и втората (свечена) седница**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 07.11.2020 година**

Педесет и втората (свечена) седница на Советот на општината се одржа во големата сала на Народниот театар во Гевгелија со почеток во 12 часот.

Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори педесет и втората (свечена) седница на Совет на Општина Гевгелија и за работа го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1.Обраќање на Градоначалникот на Општина Гевгелија, м-р Сашо Поцков, по повод 7-ми Ноември – Денот на ослободувањето на Гевгелија,

2. Врачување на Благодарници.

Тодор Ристов Претседател на Совет го повика Градоначалникот Сашо Поцков да се обрати пред присутните.

Градоначалникот се обрати ,образложи се што е сработено во општината овие изминати три години и даде осврт на економскиот развој на општина Гевгелија во наредниот период .

По обраќањето ,Градоначалникот Сашо Поцков заедно со Претседателот на Совет ,Тодор Ристов ги врачија благодарниците на институции и личности кои што несебично се грижеа и го штитеа здравјето на граѓаните,се бореа со пандемијата и дадоа голем придонес во ублажувањето на последиците :

- Доделување на благодарница на директорот на Општа болница-Гевгелија со проширена дејност, Д-р Митко Крџев
- Доделување на благодарница на раководителот за Јавно здравје – Гевгелија ,Д-р Сашко Олумчев
- Доделување на благодарница на Началникот на ОВР Гевгелија ,Тони Карапеев
- Доделување на благодарница на директорот на ЈПКД Комуналец,Златко Зумров
- Доделување на благодарница на претседателот на Здружението на граѓани„ Changmakers", Марина Томова

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**